Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 точка 16 и член 40 став 4 од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 151/14, 192/15, 215/15, 33/15, 6/16, 53/16 и 189/16), како и член 47 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (Службен весник на Република Македонија бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по барањето за продолжување на времена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија УП1 бр.12-40/17 од 09.11.2017 година на Друштвото за производство и трговија МХЕ ТОПОЛКИ ДОО Скопје, на седницата одржана на 21.11.2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Времената лиценца за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија на Друштвото за производство и трговија МХЕ ТОПОЛКИ ДОО Скопје, издадена со Одлука на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија УП1 бр.12-40/17 од 30.05.2017 година, (Службен весник на Република Македонија бр.65/17) се продолжува за период од 6 месеци. За таа цел во Прилог 1:
   – во точка 3 евидентниот број на лиценцата се менува и гласи „ЕЕ-290.01.1/17,2/17 "
   – во точка 5 датумот на важење на лиценцата се менува и гласи „30.05.2018 година".

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага извршувањето на истата.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за производство и трговија МХЕ ТОПОЛКИ ДОО Скопје, до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија поднесе Барање УП1 бр. 12-40/17 од 09.11.2017 година за продолжување на периодот на важење на времената лиценца за производство на електрична енергија, од обновливи извори на енергија, од МХЕЦ „Врановска" со реф.бр.312 за изграден објект без употребна дозвола. Имено, Друштвото за производство и трговија МХЕ ТОПОЛКИ ДОО Скопје, согласно член 40 став 4 од Законот за енергетика и член 47 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, побара продолжување на рокот за пробна работа и за испитување на опремата.

Во прилог на барањето Друштвото за производство и трговија МХЕ ТОПОЛКИ ДОО Скопје, ја достави следната документација:

- Образложение за продолжување на рокот и потребата за дополнителен рок за тестирање на опремата;
- Одлуката за издавање на времената лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија;
- БЛ – образец за продолжување на рокот на времената лиценца;
- Доказ за платен надоместок за продолжување на времената лиценца.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 47 став 2 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности донесе Заклучок за отпочнување

на постапка за продолжување на лиценца и уредност на барањето, со кој утврди дека не е потребно доставување на дополнителна документација од онаа што е доставена во прилог кон барањето, дека документација е доставена на пропишан начин и форма и дека Регулаторната комисија за енергетика ќе пристапи кон издавање на Одлука за продолжување на времената лиценца за период од 6 месеци.

Откако Друштвото за производство и трговија МХЕ ТОПОЛКИ ДОО Скопје, ќе достави Употребна дозвола, Регулаторната комисија за енергетика согласно член 39 став 2 од Законот за енергетика ќе издаде Одлука за влегување во сила на лиценца за производство на електрична енергија за МХЕЦ „Врановска“ со реф.бр.312 со која ќе може постојано и непречено да произведува електрична енергија и истата да ја предава во електродистрибутивниот систем при тоа не правејќи никакви оштетувања и негативни влијанија врз истиот.

Согласно член 28 од Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на ден 21.11.2017 година, одржа редовна седница на која што донесе Одлука за продолжување на времената лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од мала хидроелектрана МХЕЦ „Врановска“ за изграден објект кој нема употребна дозвола, на Друштвото за производство и трговија МХЕ ТОПОЛКИ ДОО Скопје.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 12-40/17**
**21.11.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**